Димитар ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ
Институт за национална историја – Скопје

УДК 323.1 (=163.3):32.019.5 (495:497.7) “1897/1903“

# ГРЧКАТА ПОЛИТИКА КОН ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА (1900–1903): ПЕРИОД НА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И ДУАЛИЗАМ

**Вовед**

На преминот од XIX кон XX век, како резултат на „добрососедската" проосманлиска политика која ја водела грчката држава по војната од 1897 година, во османлиска Македонија започнало да се чувствува постепеното губење на позициите на грчката пропаганда, што довело истата да не е во можност да ги заштити своите интереси во европските владенија на Османлиската Империја. Официјална Атина, поради константното слабеење на грчкото влијание на териториите предвидени со *мегали идејата*[1], се одлучила на „постепена промена на својата политика кон *елинизмот* во Империјата".[2] Забележително било засилувањето на пропагандната активност, која, пред сè, се карактеризирала со дотогаш воспоставените принципи и начела на дејствување и со веќе воспоставените пропагандни институции. Така, на пример, покрај зголемувањето на

[1] Основата на грчката иредентистичка политика кон териториите на Османлиската Империја била поставена во1844 година со говорот на тогашниот грчки премиер Јоанис Колетис во грчкиот парламент.Подоцна оваа политика, или попозната како *мегали идеја,*прераснала во план за обединување на сите територии што грчката држава ги сметала за „историски и за културно грчки", но кои во минатото биле „неправедно" изгубени.
[2]Јура Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX и началото на XX век*(София: Фабер, 2008), 286.

финансиските средства за потребите на образовните институции, биле преземени конкретни мерки за консолидирање на црковната патријаршиска пропаганда во османлиска Македонија.[3] На барање на грчкото Министерство за надворешни работи, грчките конзули во османлиска Македонија во февруари 1900 година составиле список на сите патријаршиски црковни епархии, во кој се наоѓале биографските податоци на митрополитите, оценката за нивниот квалитет и нивната приврзаност кон грчката национална идеја.[4] Од оценките за квалитетот на работата на одреден митрополит зависела висината на финансиските средства кои владата во Атина, преку конзуларните претставништва во Османлиската Империјата, им ги испраќала на патријаршиските митрополити.[5]

Новата политика на водечката грчка пропагандна институција, Цариградската патријаршија, набргу започнала да се спроведува на терен. Старо-новиот патријарх Јоаким III[6], под притисок и на сугестија на грчката држава, започнал да ги менува митрополитите во

---

[3] Според историчарот Крсте Битовски, во почетокот на XIX векЦариградската патријаршија,покрај вообичаените црковни активности, започнала да спроведува ситематска политика на асимилација на христијанското негрчко население во Османлиската Империја. Така, на пример, патријархот Григориј V издал циркулари во 1806 и во 1819 година до сите владици, со кои ги повикал да дејствуваат во насока на ширење на грчкиот јазик и образование меѓу христијанското население во Османлиската Империја.Види: Крсте Битоски, *Дејноста на Пелагониската митрополија (1878-1912); Грчки религиозно-просветни и вооружени акции* (Скопје: Институт за национална историја, 1968), 17. Сепак, вистинската улога на Цариградската патријаршија, како грчка национална пропагандна институција, датира од времето по формирањето на грчката држава (1830), а нејзиното пропагандно влијание особено било воочливо по дефинирањето на грчката надворешна политика. Исто така, нејзината пропагандна дејност станала неопходна алатка во рацете на Кралството Грција во борбата против пропагандните институции на другите балкански нации-држави, и тоа во битката со Бугарската егзархија во пребројувањето на „своите народи“ во османлиска Македонија.

[4]Константинова, *Балканската политика на Грция*, 287.

[5]ΕυαγγελοςΚωφος, *Μακεδονία.4000 Χρόνια Ελληνικής Ιστορίας και Πολιτισμού*(Αθηνα: 1982), 152.

[6]Владата во Атина,во 1900 година во Света Гора го испратила искусниот дипломат Николаос Маврокордатос со цел да се сретне со поранешниот патријарх Јоаким III (1878-1884). Н. Маврокордатос имал за задача да му ги пренесе позициите на грчката влада околу големогрчката национална политика на Јоаким III и доколку истиот ги прифател, официјална Атина ќе го поддржела во изборот за нов патријарх. Јоаким III се согласил владата да ја има раководната улога во решавањето на националните прашања, но под услов истата да не се меша во црковните работи, сè со цел да не се урива интегритетот на Вселенската патријаршија. На тој начин, со поддршка на грчката влада, во мај 1901 година, на 83-годишна возраст, Јоаким III бил избран по вторпат за вселенски патријарх.

„најоспоруваните“ македонски епархии, почитувајќи ги на тој начин во целост препораките на владата во Атина.[7] Во изборот на новите митрополити се претпочитало тие да бидат млади, амбициозни, добро образовани и целосно посветени на грчката национална кауза. Во периодот што следувал биле поставени следните митрополити: Германос Каравангелис во Костур, Хрисосомос Калафатис во Драма, Јоаким Форопулос во Битола и други, кои подоцна се истакнале во грчката вооружена интервенција против Македонската револуционерна организација (МРО).

Развојот на МРО во почетокот на XX век кај грчките националистички фактори предизвикало стравување за иднината на нивните проектирани планови кон османлиска Македонија. Вознемиреност и паника кај грчките црковно-училишни пропагандни кругови настанале поради приклучувањето на голем број Македонци-патријаршисти во редовите на Организацијата. За нив било особено поразителносознаниетодека започнале да ја губат контролата врз тој дел од македонското словенско население. Така, на пример, со загриженост се набљудувал процесот на сплотување на македонското словенско население во костурската околија и исчезнувањето на „борбата меѓу егзархистите и патријаршистите“, што се должело на програмата на МРО за „борба против турскиот режим“.[8] Нарушувањето на проектираните граници на „историска Грција“, во која влегувал и поголем дел од територијата на османлиска Македонија, за грчките пропагандни фактори значело предизвикувачки повод да започнат немилосрдна војна против македонското револуционерно движење.

## Неуспешен обид да се издејствува од Кралството Грција испраќање паравоени формации во османлиска Македонија

Еден од првите што ја воочил опасноста за грчките интереси од дејствувањето на Организацијата(МРО) бил костурскиот митрополит Каравангелис. Последниот, по деталното проучување на состојбата во својата епархија, го посетил грчкиот конзул во Битола, Кјузе Пезас.[9]

---

[7]ΣοφιαΒουρη, *ΠηγεςγιατηνιστοριατηςΜακεδονιας; Πολιτικηκαιεκπαιδευση 1875 - 1907*(Αθηνα: Παρασκηνιο, 1994), 245-247.

[8]*Спомени на Славејко Арсов, Пандо Кљашев, Лука Џеров, Георги Поп Христов, Ангел Андреев, Георги Папанчев и Лазар Димитров* (Скопје: Култура, 1997), 167.

[9] Кјузе Пезасја извршувал конзулската дејност во Битола од 1900 до март 1903 година. Види: Ιωνος Δραγουμης, *Τα Τετραδιατου Ιλιντεν* (Αθηνα: Γιωργος Πετσιβας, 2000), 43.

На средбата биле разменети мислења за ситуацијата во југозападна Македонија и за мерките што требало да бидат преземени во одбрана на *елинизмот*. Откако заеднички го констатирале брзиот развој на револуционерното движење во Костурско и во Пелагонија, Пезас му сугерирал на Каравангелис да испрати извештај до грчката влада.

Првиот извештај до владата во Атина митрополитот го испратил по враќањето во Костур(кон крајот на 1900 или почетокот на 1901 година), во кој особено внимание ѝ посветил на потребата од испраќање грчки вооружени чети во Македонија. На тој начин, тој бил првиот што отворено „ја презентирал пред грчката влада идејата за [организирано] испраќање вооружени сили од Грција во Македонија“.[10]Во согласност со проосманлискатаполитика на грчката држава во тој период, владата во Атинанеим посветила воопшто внимание на извештајот на митрополитот и, конкретно, на барањата наведени во него. По неколку недели, разочаран од молкот во Атина, Каравангелис повторно го посетил битолскиот конзул. Тој се надевал дека идејата за испраќање вооружени групи од Кралството Грција би наишло на разбирање кај грчкиот конзулат во Битола. Наспроти ваквите негови очекувања, во текот на целата 1901 година грчката влада испраќала јасни инструкции до своите конзули во османлиска Македонија, преку кои децидно им забранувала да се вклучуваат во тајни здруженија или да преземаат какви било дејности со кои би се нарушиле добрите односи со Високата порта.[11] Во таа насока бил и одговорот на конзулот: „Не само што не ни испраќаат помош, туку и ни пречат. Не можеме ништо да направиме“.[12] Митрополитот, одговарајќи му на К. Пезас, констатирал дека македонското револуционерно движење секојдневно станувало сè посилно, а како резултат на тоа Кралството Грција би се довело во ситуација да ја „изгуби Македонија“. Во новонастанатата состојба, која иницирала константно губење на позициите на грчката пропаганда, Каравангелис се сметал „за повикан да ја спасува Македонија од убијците на Грците!“.[13] Во име на оваа цел, костурскиот митрополит ја напуштил првобитната и единствена должност, т.е. црковно-религиозната, и целосно се ангажирал во организирањето на грчката националистичка пропагандна дејност.

---

[10] Весела Трайкова, „Наченки на андарското делов Македония – Каравангелис, Јон Драгумис идесетината Критяни“, во *Преглед,* г. XXIV, бр. 1 (София: Македонски научен институт, 2001), 45.

[11]Константинова, *Балканската политика на Грция*, 293-295.

[12]Германос Каравангелис, *Македонската борба (мемоари),* (Скопје: Култура, 2000), 15.

[13] Крсте Битовски, *Грчката „Македоонска борба“* (Скопје: Институт за национална историја,2001), 76.

Истовремено, во борбата против МРО активно се вклучила и Цариградската патријаршија. Патријаршиските митрополити во османлиска Македонија, во март 1901 година, добиле посебен циркулар од Патријаршијата, преку кој им се сугерирало да собираат докази за дејноста на револуционерното движење и истите да бидат испраќани во Истанбул или кај османлиските власти.[14] На тој начин патријаршиските великодостојници станале сојузници и доушници на месната османлиска власт, следејќи го, во тој период, курсот на грчката држава.

Очајничката ситуација во која се наоѓал Карвангелис по првобитните неуспеси во однос на неговите обиди да донесе параоени формации од Кралството во османлиска Македонија не го спречило во обидите дапронајде нов начин во организирањето на борбата против МРО. Митрополитот дошол до идеја да формира платенички вооружени групи од месното население, во прв ред од отпадниците на МРО, но и да создаде мрежа од свои соработници во селата одКостурската епархија. За таа цел, во почетокот на 1901 година ја направил првата поголема обиколка со намера да ја испита на самиот терен можноста од формирање своја, паралелна, „организација“, чијашто агенда би била борбата против македонското националноослободително движење. На овој начин, Каравангелис, преку врбувањето свои привзаници, создал раскол, нетрпеливост и недоверба меѓу самото македонско население. Така, тој преку својата активност успеал делумно и да ја реализира својата идеја, односно да предизвика ослабнување на позициите на МРО во костурската околија.

Развиената организациска мрежа, масовното учество на населението во движењето, големиот број револуционерни чети во предилинденскиот период го оневозможило евентуалното испраќање или опстојување на вооружените групи од Кралството Грција во османлиска Македонија. Ваквата состојба ја потврдил и грчкиот конзул во Солун, Н. Евгенијадис. Во извештајот до грчката влада од 4 јануари 1904 година (ст. стил), навраќајќи се на еден постар извештај од 30 април 1900 година (ст. стил), конзулот на следниот начин ја опишал тогашната состојба во османлиска Македонија. Имено, тој констатирал дека: „Четите формирани во Грција и испратени во Македонија не само што со ништо немаше да ни помогнат, бидејќи не го познаваа ниту теренот, ниту јазикот, ниту луѓето, туку истовремено можеа да станат и причина да ги влошиме односите со Турците…, додека, од друга страна, жестоко ќе беа прогонети од турските власти и многу

[14] Константинова, *Балканската политика на Грция*, 280.

бргу ќе беа растурени. Затоа што во бугарофилските реони[15] во кои беа повикани да работат нашите православни славофони[16], со изговор дека можат да бидат прогонети од власта, а, во суштина, затоа што не ќе сакаа да имаат никаква претходна врска со нив, ќе одбиваа да ги заштитат и со првата закана од страна на власта ќе ги предадеа…“.[17]

Во извештајот, конзулот доста реално ја образложил неповолната ситуација за испраќањето на вооружените чети од Кралството Грција во османлиска Македонија. Во својата елаборација тој преку синтагмата „нашите православни славофони“ јасно алудира на постоењето на грчко население во најголем дел од османлиска Македонија.[18] Меѓутоа, контрадикторноста во неговото објаснување е веднаш воочливаодаргументот презентиран во извештајот, именодека грчките чети би пристигнале во туѓа земја и меѓу население непознато за нив, со кои не би можеле ниту јазично да се разберат. Исто така, интересен е и податокот даден од страна на конзулот во однос на македонското патријаршиско население кое би ја одбило соработката со грчките вооружени чети. Но, неговата експликација за ова прашање е нереална и тенденциозна. Всушност, констатацијата дека Македонците-патријаршисти не сакале да соработуваат со грчките вооружени групи е точна. Меѓутоа, причината не била нивниот страв од османлиската власт, туку нивното активно учество во македонското револуционерно движење.Идејата за испраќање вооружени групи од Грција во османлиска Македонија,Пезас ја презентирал и пред британскиот заменик-конзул во Битола, Питер Џејмс Мекгрегор, кој исто така ја одбил поддршката на еден таков план.[19]

## Грчкиот пропаганден триаголник: Атина – Битола – Костур

Владата во Атина, под притисок на засилената дејност на грчките националистички фактори во османлиска Македонија и во Кралството Грција, како и поради „изненадувачкиот“ брз развој на македонското револуционерно движење, билапринудена да заземе

[15] Се однесува на селата во кои било доминантно македонското егзархиско население.
[16] Се мисли на Македонци-патријаршисти.
[17] Извештај на кралскиот грчки конзулат во Солун бр.3, 4 јануари 1904 година (ст. стил). Копија од документот поседува авторот.
[18] Грчките пропагандни институции во османлиска Македонија, како и во Кралството Грција, македонското патријаршиско население најчесто го именувале со терминот *Славофони*, што, според нивните сфаќања, значело дека тој дел од населението има „словенска припадност“, но, истовремено, било со грчка „национална свест“.
[19]ΒασιληςΚ. Γουναρης, *Τα γεγονότα του 1903 στη Μακεδονία μέσα από την ευρωπαϊκή διπλωματική αλληλογραφία*, Μουσείο Μακεδονικού Αγώνα, Θεσσαλονίκη, 1993, 162.

поенергичен став околу македонското прашање. Митрополитот Каравангелис во своите спомени констатира дека како резултат на активностите на грчката пропаганда во Македонија и божемните „масовни убиства на Грци… започнал да се буди интересот и на јавното мнение во Грција“.[20] Грчките пропагандни фактори во османлиска Македонија, поддржани од националистичките кругови[21] во грчката држава, на своја рака започнале да ја организираат борбата против МРО. Бил создаден национално-пропагандниот триаголник Атина–Битола–Костур, кој, координирајќи се меѓусебно, самоиницијативно започнал да изнаоѓа начини и да подготвува планови за организирано дејствување против македонското револуционерно движење.

За реализирање на грчките „национални работи“ во Битола особено се ангажиралЈон Драгумис. Тој во ноември 1902 година бил назначен за секретар во грчкиот конзулат во Битола, функција која му дозволувала голема слобода во дејствување. Паралелно со секојдневните обврски, Драгумис ги проучувал извештаите на конзулот Пезас испраќани до грчкото Министерство за надворешни работи. Преку нив мошне реално ја согледал фактичката ситуација во Битолскиот вилает и, како што самиот напишал, „забрзаното излегување од контрола“[22] на работите за грчката пропаганда. Неговата засилена активност билазабележана од март 1903 година[23], период од кога започнал интензивно „да мобилизира“, за грчките служби, „свештеници, учители, лекари“,[24] односно сите ониешто ги сметал за погодни во борбата за „спасување на *елинизмот*“ во османлиска Македонија. Набргу ја формирал организацијата *Амина* (Одбрана), којадејствувала исклучиво во пределите со грчко, влашко или погрчено население во јужна Македонија. За центар на организацијата бил предвиден да стане градот Битола. Всушност, намерите на Драгумис биле следните: тежиштето на грчката борба да биде во Македонија и со самото тоа мошне вештовладата во Атина би ги избегнала притисоците од страна на османлиската власт, односно би се анулирала директната поврзаност на грчката влада со настаните во османлиска Македонија.[25]

[20]Каравангелис, *Македонската борба*, 25.
[21] Тука спаѓале фамилиите Драгумис, Мелас, Политу, Рактиван, Ламброс, Ламмбрис, Делиос, Маврос, Варатасис и други.
[22]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 44.
[23] На 18 март 1903 година(ст. стил) Кјузе Пезас поради здравствени причини заминал на медицинсколекување, оставајќи го Јон Драгумис да раководи со конзулатот во Битола. Види:Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 44.
[24]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 44.
[25]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 17.

Организацијата што ја создал Драгумис повеќе наликувала на групација од меѓусебно неповрзани групи, изолирани во одредени населени македонски места, без никаква меѓусебна координација. Овие групи најчесто биле составени само од неколкумина членови врбувани лично од Драгумис. Според Уставот, целта на *Амина* не била борбата против османлиската власт, туку национална заштита и сојуз на грчките општини.[26] Понатаму, било предвидено вооружување на грчките елементи во Македонија и собирање иформации за дејноста на МРО, како и дејствување на грчките вооружени чети.[27]

Следниот фактор во грчкиот пропаганден триаголник за дејствувањето во османлиска Македонија се наоѓал во Атина. По завршувањето на Грчко-турската војна (1897) и неуспехот на *Етники етерија*[28], група млади грчки офицери продолжиле да дејствуваат во насока на „одбрана на *елинизмот* во Македонија“.Групата била составена од следните офицери: Георгиос Цонтос-Вардас, Константинос Мазаракис, Александрос Кондулис, Георгиос Катехакис-Рувас и други. Со особена посветеносткон „делото“ се истакнал Павлос Мелас, кој, според грчкиот историчар Георгиос Модис, бил „нивниот најголем столб“.[29] Истовремено, поединци од оваа група офицери биле дел и од*Комитетот за помош на Македонците*, кој се наоѓал во Атина, и во кој најмногу се истакнувале Јоанис Валаоритис, Марко Драгумис (брат на Стефанос Драгумис[30]), Константионос Рактиван и

[26]Константинова, *Балканската политика на Гърция*, 295.

[27]Весела Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония – Каравангелис, Јон Драгумис и десетината Критяни“, *Преглед*, г.XXIV, бр.1 (София:*Македонски научен институт*, 2001), 50.

[28]*Етники етерија* била создадена во пролета 1894 година од групагрчки офицери. Организацијата за две години прераснала во сериозна политичка и воена сила во грчката држава. *Етники етерија*, користејќи ги немирите во Крит, решила во пролетта 1896 година да испрати вооружени чети во османлиска Македонија. Вооружената акцијата завршила неславно за аспирациите на грчката пропаганда во Македонија. Можностите и целите на вооружените групи испратени од Кралството Грција во никој случај не биле и не можеле да бидат насочени кон дестабилизирање на османлиската власт во Македонија. Напротив, нивната цел била да се презентираат територијалните аспирации пред Европа, но и да ѝ се спротивстават на бугарската пропаганда во османлиска Македонија. *Етники етерија* испратила чети во Македонија и во наредната 1897 година. Овие грчки паравоени чети ја доживеале судбината на претходните, т.е. многу бргу биле ликвидирани или прогонети.

[29]Γ. Χ. Μοδη, *Μακεδονικος αγων και μακεδονικες αρχηγοι*(Θεσσαλονικη: 1950),223.

[30] Стефанос Драгумис (1842-1923) бил грчки општественик, политичар и национален идеолог на грчката вооружена пропаганда во османлиска Македонија. Тој бил и пратеник во грчкото собрание, наизменично бил и министер за правда, за внатрешни и за надворешни работи во периодот 1886–1893 година. Кратко време ја извршувал и функцијата премиер на Кралството Грција (18 јануари – 6 октомври 1910 година).

други. Од големо значење за понатамошната дејност на П. Мелас било неговото стапување во брак со Наталија Мела, ќерка на Ст. Драгумис и сестра на И. Драгумис. Според сеќавањата на Н. Мела, во куќата на нејзиниот татко, Ст. Драгумис, не се воделе други разговори освен за ситуацијата на „*елинизмот* во Македонија“ и дека од утро до вечер нивната куќа била исполнета со маса луѓе.[31]

Исто така, Мелас во младоста активно зел учество во работата на *Етники етерија*. Тој се здобил со чин потпоручник, а војничката должност ја вршел во криптографската служба во пограничните северни реони на Кралството Грција. Во почетниот период од дејствувањето на оваа група, главна цел била изнаоѓањето на финансиски средства за грчката пропаганда во османлиска Македонија. Мелас во овој период, но и понатаму, секогаш го користел авторитетот и познанствата на таткото на својата сопруга.

Уште еден активист од грчкиот пропаганден триаголник бил костурскиот митрополит Германос Каравангелис. Тој, според грчката историографија, „претставувал лостот за четничкото раздвижување“, додека Јон Драгумис и Павлос Мелас биле „првите што ѝ дале живот [во Грција] на одлуката… да му се помогне на измачениот елинизам во Македонија“.[32] Драгумис, по доаѓањето во Битола, ја претставувал алката на поврзување на идејата за грчка вооружена борба против македонското револуционерно движење. Тој ја вршел коресподенцијата и координацијата помеѓу националистичките групи во османлиска Македонија и Кралството Грција. Драгумис и Мелас во костурскиот митрополит пронашле личност преку која се надевале дека полесно ќе ги реализираат плановите за создавање месни платенички вооружени чети, но и за испраќање исти такви од грчката држава во Македонија. Исто така, и Каравангелис, по неуспешните обиди да предизвика внимание кај официјална Атина, конечно пронашол „национални дејци“ преку кои сметал дека полесно ќе ги реализира плановите, а истовремено се стекнал и со финансиска, морална и техничка поткрепа за претходно започнатата дејност. Така, активистите од грчкиот пропаганден триаголник започнале да функционираат и да ги остваруваат своите намери.

Јон Драгумис, согледувајќи ја фактичата ситуација во османлиска Македонија, констатирал дека поголемиот дел од населението е словенско, но и дека, според него, истото нема „никакви национални

[31]ΝαταλιαΜελα, *ΠαυλοςΜελας* (Αθηνα: 1926), 166.
[32]Κωνσταντίνος Σβολοπούλος, „Η αποφαση για την οργανωση του ενοπλου αγωνα“, *Ο Μακεδονικος αγωνας; Συμποσιο*,*Θεσσαλονικη-Φλωρινα-Καστορια-Εδεσσα*(Θεσσαλονικη: 1987), 59.

чувства“.[33] Исто така, заклучил дека теренот за дејствување на грчката пропаганда епогоден, бидејќи кај македонското словенско население „наместо религиозно чувство постои приврзаност кон култот на нивните предци, наместо национално чувство – солидарност, која преку јазикот влијае на нивниот идентитет“.[34] Тој сметал дека треба веднаш да се дејствува, но не во правец на „задржување“[35], туку е потребно „освојување на Македонија од наша страна (од страна на грчката држава, б.н.)“.[36] За реализирање на оваа замисла требало да се дејствува во две насоки:прво, задржување на земјата во грчки раце, под што подразбирал купување османлиски или еврејски чифлици од страна на Грци и забрана за продавање чифлици од страна на Грци на странци (особено на Бугари); второ, забрана за примање земјоделци кои немале грчко етничко потекло во грчките чифлици, а доколку веќе биле дел од нив, нивно елинизирање или отстранување.[37]

Во писмото до Мелас од 23 јануари 1903 година (ст. стил), Драгумис нагласил дека, доколку сакаат нивната борба да успее, треба да се „работи“ во Македонија, а тој и Каравангелис веќе дејствувале „како што можеле“, но била потребна и „ангажираност во Грција“.[38] Исто така, констатирал дека „и за двете работи се потребни парични средства“. Во продолжение на писмото Драгумис се интересирал за ситуацијата во Атина околу „македонското прашање“, но не испуштил и да го советува Мелас во кои насоки треба да се одвиваат нивните активности. Во тој контекст биле поставени и следните негови прашања и сугестии до Мелас: „Што се случува со друштвото, ќе се формира ли? Се формира ли? Има ли пари? Ако има, задржете една сума за да купиме оружје, може подоцна да имаме потреба…, ако постои друштво, можеш и да ја кажеш идејата за потребата од оружје исто како таа да била твоја. Сега погрижете се, прво, да организирате новинарска борба за грчките интереси во Европа, што подразбира да имате пари да купите странски весници и луѓе… И јас сум подготвен[да пишувам, б.н.] и Ната [Наталија Мела, б.н.] може да пишува, јас ќе испраќам информации… Второ, потребно е да имате доволно пари со кои ќе можеме да располагаме во секое време“.[39] На овој начин И. Драгумис ги поставил основните насоки на дејствување

[33]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 48.
[34]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 49.
[35] Се мисли на задржување на Македонците-патријаршисти под нивно влијание и, пред сѐ, задржување во рамките на Цариградската патријаршија.
[36]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*,52.
[37]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 49.
[38]Δραγουμης, *ΤαΤετραδια*, 11.
[39] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 11-13.

на грчката пропаганда против МРО во овој период како во Османлиската Империја така и во Кралството Грција. Истовремено се залагал и за поведување на медиумска кампања во која ќе бидат презентирани грчките интересиво османлиска Македонија пред европската јавност.

Во Кралството Грција постепено започнала акцијата за собирање финансиски средства за грчката пропаганда во османлиска Македонија. На почетокот таа се одвивала со одредени потешкотии поради неподготвеноста на грчките финансиери, но ипоради сомнежот на националните фактори со оглед напоранешната дејност на *Етники етерија*.Како најголем финансиер на грчката пропаганда во Македонија, но и во самата Грција, се истакнувала богатата француска принцеза Луиза де Раинкур, која живеела во Атина. Таа била врбувана финансиски да го помогне делото од страна на Марија, тетката на Ј. Драгумис.[40] Во грчката држава до финансии за потребите на пропагандната активност се доаѓало и преку роднини, пријатели, богати донатори, додека Ст. Драгумис барал парични средства и од своите богати пријатели кои живееле во Египет.[41]

И. Драгумис во наредните писма испратени до Меласго насочил вниманието кон организирањето на вооружената борба против МРО, дејноста на Каравангелис во Костурската епархија и на правењето анализи за целите и активностите на македонското револуционерно движење. Тој сметал  дека треба да се дејствува против внатрешната организација со чети создадени од поткупеното месно население во османлиска Македонија. Во писмото испратено до Мелас од 6 февруари 1903 година (ст. стил) го напишал следното: „Не треба да испраќаме четници од Грција, треба да ги создаваме овде (се мисли во Македонија, б.н.). За среќа, почнавме пред повеќе месеци (речисибез парични средства)…, парите што си ми ги испратил се потребни за да ја продолжиме привремено одбраната на костурските села. Костурскиот митрополит е единствениот патриот меѓу другитемитрополити и работи со ентузијазам“.[42]

За разлика од залагањата на Каравангелис во Македонија да се испратат вооружени групи од Грција, ставот на И. Драгумис бил

[40] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 44.

[41]Трайкова, *Наченки на андарското дело в Македония*, 51. Во писмото од 24 мај 1903 година (ст. стил), Павлос Мелас го известил Јон Драгумис дека неговиот татко Стефанос „има за цел да ти побара извештај за сѐ што се случува во Македонија, а потоа да побара пари за вас од пријателите во Египет“. Види: Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 119.

[42]Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 17.

различен. Тој сметал дека се доволни само месните чети[43], какви што веќе имал формирано костурскиот митрополит. Од писмото јасно се гледа дека неговата цел била создавање нови или одржување на постојните месни чети со парични средства пристигнати од Грција. Но нејасно било од кого тие чети ќе го „бранеле“ македонско население во Костурско?! Имено, целта на Каравангелис и на неговите соработници не била „борбата против османлиските власти“, како што било наведено и во Уставот на *Амина*, туку „националната заштита“[44] на патријаршиските општини во османлиска Македонија, кои ги сметале за свои, грчки, општини. Така, главната задача на Каравангелис и на неговите соработници била да го спречи македонското патријаршиско население да партиципира во македонската револуционерна борба и да остане лојално на грчката/патријаршиската пропаганда.

Оттука, јасна била и интенцијата на И. Драгумис презентирана во цитираниот извештај. Неговата замисла била борба против дејствувањето на МРО, која претставувала и главниот соперник на „грчката борба“ во османлиска Македонија.Тој, според информациите што ги добивал од костурскиот митрополит за дејноста на ренегатот Коте Христов од селото Руља, бил убеден дека единствено со чети формирани од месното поткупено македонско население, грчката пропагандна структура успешно ќе може да му се спротивстави на македонското револуционерно движење. Според него, таквите чети многу добро би го познавале теренот на кој би дејствувале, лесно би се засолнувале и би се снабдувале со храна и истовремено би можеле да се формираат или да серасформираат според потребите. Токму во периодот кога македонскиот етникум бил обединет околу платформата на МРО, која пропагирала автономија на Македонија, Драгумис сакал да предизвика раздор и поделеност кај населението. Тој се обидел и да ја прикаже етничка различност помеѓу македонското словенско население врз основа на црковната припадност. Затоа Македонците-патријаршисти ги прогласил за „Грци“, додека Македонците-егзархисти за „Бугари“, вклучувајќи ја тука и МРО, која ја третирал како орган на бугарската влада.

[43] Ист став имал и грчкиот конзул во Солун, Н. Евгенијадис. „Така, само со формирање чети од населението на православните македонски села [македонски патријаршиски села, б.н.] ќе успееме да им се спротивставиме на бугарските чети [се мисли на четите на МРО, б.н.]. Извештај на кралскиот грчки конзулат во Солун бр.3, 4 јануари 1904 година (ст. стил). Копија од документот поседува авторот.

[44] Юра Константинова, *Бьгари и Гьрци в борба за османското наследство* (София: Фабер, 2014), 108.

Од друга страна, тој, исто така, ја потценил и силата на македонското револуционерно движење во предилинденскиот период,и тоа особено добро организираната четничка институција на МРО во костурската околија. Затоа присуството на каква било вооружена сила која не ги прифаќала Уставот и Програмата на МРО, и тоа особено оние паравоени формации кои биле формирани од соседните пропаганди структури, жестоко била прогонувана или уништувана од страна на четите на македонското револуционерно движење. Грчката пропагандна структура единствено можела да се надева на разбојничките елементи од месното македонско население или напоранешните четници-отпадници од редовите на внатрешната организација. Последниве најчесто биле изолирани во неколку села, каков што бил случајот со ренегатот Коте, принудувајќи го населението со терор и насилство на послушност.

Ј. Драгумис во писмото од 27 февруари 1903 година(ст. стил) му ги претставил на Мелас целите на МРО. Тој свесно согледувајќи ја ситуацијата,го констатирал следното: „Четите на Комитетот (МРО, б.н.)насекаде се присутни и немаат намера да ги послушаат Русите и Големите сили кои ги советуваат за мир. Дури сега работат поенергично од порано… тие не бараат Македонија да ја направат бугарска, туку сакаат автономна држава (Македонија на Македонците)“.[45] Драгумис во продолжение на писмото заклучува „дека е потребно заштита на православните села[46] и нивно просветување, затоа што голем број од нив стануваат привлечени“[47] од страна на револуционерното движење. Ако во претходното писмо од 6 февруари тој не се изјаснил од кого треба да се бранат костурските села, во ова писмо тој многу јасно упатува на „виновникот“. Исто така, овие отворени искази очигледно алудираат на неговата загриженоста поради губењето на патријаршиските приврзаници.Затоа тој уште еднаш се навратил да потенцира дека еден од начините за „заштита“ на самопрогласениот грчки елемент во Македонија ево формирањето на чети од месното население. Во врска со тоа го известувал Мелас дека „околу Костур има една чета (се мисли на групата на Коте, б.н.) која ги штити нашите“,[48]за накрајот да потенцира дека доколку не успеат да формираат нови такви чети, нема да успеат во своитенамери, ниту,

---

[45] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 27.
[46] Села населени со Македонци-патријаршисти, кои Ј. Драгумис и грчката пропаганда машинерија ги претставувале како грчки.
[47] Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 27.
[48] Се однесува на Македонци-патријаршисти.

пак, ќе може да опстане постојната чета на Коте, бидејќи од сите страни е опколена со четите на МРО.

Една од активностите на пропагандниот триаголник била набавувањетооружје за потребите на грчката пропаганда во османлиска Македонија. Во почетниот период (1900–1903), со паричните средства од Грција, оружјето најчесто се купувало во Македонија[49], и тоа од муслиманското население и преку определени шверцерски канали. Испраќањето на оружјето од Грција, според Мелас, било „невозможно…, моментално владата строго го има забрането“.[50] За ваквата ситуација во Грција, Мелас му сугерирал на Драгумис да го извести и Каравангелис. Меѓутоа, само еден месец подоцна, Драгумис со „изненадување“ ја примил одлуката на Владата во Атина да му „испрати 200 пушки на костурскиот [митрополит Каравангелис]“.[51] За разлика од податоците во извештајот на Драгумис, митрополитот во своитеспомени посочил бројка од 100 пушки, со доволен број куршуми и исто толкав број гуни (наметки). Во грчката држава, целата акцијаза снабдување на оружјето за потребите на грчката вооружена пропаганда ја координирал Мелас. Тој преку писмо го известил Каравангелис дека оружјето го испратил до Каламбака и дека митрополитот требало да ја добие испорачаната пратка преку неговите доверливи луѓе.[52] Ваквиот развој на настаните и делумната промена на политиката на Владата во Атина биле очекувани. Било одлучено да бидат преземени порадикални чекори, од една страна поради притисокот на националистичките кругови во Кралството Грција и во османлиска Македонија, а од друга, поради развојот на настаните и сѐ поизразеното губење на позициите на грчката пропаганда во османлиска Македонија.

Ј. Драгумис во едно од наредните писма испратени до Мелас му соопштува дека „нашата работа досега главно се состои од создавање чети во Костурско, издржување на Коте и придобивање на Грците (се мисли на патријаршиското население, б.н.), кои се овде (се мисли на Битола, б.н.) и во селата“.[53] Тој, исто така, се грижел и за распределување на финансиите што пристигале од Грција, а биле наменети за потребите на грчката пропаганда во југозападна

[49]Јон Драгумис го известил Павлос Мелас на 30 април 1903 година (ст. стил) дека во Македонија купувал пушки. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 91.

[50] Писмо од Павлос Мелас до Јон Драгумис, 29 март 1903 година (ст. стил). Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 67.

[51] Писмо од Јон Драгумис до Павлос Мелас, 30 април 1903 година (ст. стил). Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 91.

[52]Каравангелис, *Македонската борба,* 25.

[53] Писмото е со датум од 12 мај 1903 година (ст. стил). Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 27.

Македонија. Во Битола на почетокот паричните средства биле испраќани преку Министерството за надворешни работи на Кралството Грција, но поради честото доцнење, Драгумис му сугерирал на Мелас да ги испраќа лично, со препорачани писма. Финансиските средства биле давани месечно, а нивната големина зависела од потребите на грчката пропаганда во османлиска Македонија, но и од можностите на националистичките кругови во грчката држава да соберат парични средства од богатите „донатори“.[54] Откако парите ќе пристигнеле во Битола, Драгумис задржувал извесна сума за свои потреби, додека најголемиот дел ги препраќал кај костурскиот митрополит. Последниот паричните средства ги користел за купување оружје, за месечното исплаќање на Котевата чета, за поткупување разни разбојници и за други активности кои биле насочени против македонското словенско население и македонското револуционерно движење. Финансии биле предвидени и за убиства на високи раководители на МРО во Костурско.[55]

Како и да е, Каравангелис, Драгумис и Мелас во месеците пред почетокот на Илинденското востание (1903) биле ангажирани околу првичното организирано пристигнување на вооружени поединци и групи од Грција кои имале за цел да се борат против дејствувањето на МРО.[56] Различните погледи и пристапи на оваа „тројка“ околу начинот на организирањето на борбата против македонското револуционерно движење не претставувале поголема пречка во реализирањето на нивните националистички планови.[57] Дејствата преземени од „тројката“ имале значајно влијание врз идната организирана интервенција на грчката држава во османлиска Македонија, па затоа

[54]Од писмото на Павлос Мелас испратено до Јон Драгумис на 26 април 1903 година(ст. стил) се дознава дека за април месечната сума изнесувала 60 лири,сСо можност таа сума да се зголеми во наредните месеци. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 87.

[55]Во писмо до Германос Каравангелис од 8 мај 1903 година (ст. стил), Јон Драгумис го замолилкостурскиот митрополит да им даде 50 лири на одредени луѓе во Билишта кои требало да го убијат Васил Чакаларов. Во случај да не успеел атентатот врз Чакаларов, парите требало да се вратат кај Каравангелис. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 103.

[56]Се однесува на пристигнувањето на првата паравоена организирана формација од Кралството Грција во османлиска Македонија непосредно пред Илинденското востание (јуни-јули 1903), која дејствувала во делови од леринската и од костурската околија.

[57]Во својот дневник, Јон Драгумис на 12 август 1903 година (ст. стил) забележал: „Владиката сака акција која веднаш ќе донесе резултат за македонското прашање. Јас сакам работа што ќе ги подготви и ќе ги направи луѓето подобри и ангажман кој ќе има некакво влијание врз македонското прашање“. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*, 53.

може да се каже дека „Јон Драгумис, Германос Каравангелис“ и Павлос Мелас „биле предвесници на [грчката] македонска борба“.[58]

**Заклучок**

Во периодот по завршувањето на Грчко-турската војна од 1897 година, па сè до крајот на Илинденското востание (1903), карактеристичен бил дуализмот во грчката политика кон „македонското прашање“. Официјална Атина ги градела своите интереси во поглед на османлиска Македонија врз основа на добрososедските односи со Високата порта и можноста за извлекување корист за големогрчката идеја. Од друга страна, дел од претставниците на грчките националистичко-пропагандни институции во Османлиската Империја, согледувајќи го забрзаното губење на позициите на *елинизмот* во Македонијакако резултат на активноста на македонското националноослободително движење, се залагале за поагресивно дејствување на грчката пропаганда на теренот и започнување вооружена борба против МРО.

[58]Αποστολου Ε. Βακαλοπουλου, *Ο μακεδονικος αγωνας (1904-1908) ως κορυφαια φαση των αγωνων των Ελληνων για τη Μακεδονια*(Θεσσαλονικη: 1985), 29.

Dimitar LJOROVSKI VAMVAKOVSKI

# THE GREEK POLICY TOWARD OTTOMAN MACEDONIA (1900–1903): PERIOD OF REORGANIZATION AND DUALISM

*- summary -*

By the end of the nineteen and the beginning of the twentieth century, as a result of "good neighborhood" pro-ottoman policies, preferred by the Greek state after the war from 1897, Ottoman Macedonia had begun losing the positions of the Greek propaganda, which led to lesser ability of Greece to protect her own interests in the European parts of the Ottoman Empire. In this period, one of the main characteristics is the dualism in the Greek politics toward the Macedonian question. Official Athens and her interests toward Macedonia were based on good neighborhood relations toward the Supreme Port and realization of the Megali idea. From the other side, one part of the representatives of the Greek nationalistic and propagandistic institutions in the Ottoman empire, fearing from losing their influence, which resulted from the action of Macedonian liberation movement, were conspiring for more aggressive action of the Greek propaganda, and started an armed struggle against MRO.